# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**14.03.2024 год.** **Бр.IV**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 42-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 13.03.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 42-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 13.03.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-364/1 од 14.03.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 42-та седница, одржана на 13.03.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 40-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.02.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-352/3 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 42-та седница, одржана на 13.03.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 41-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 12.02.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-352/4 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15 и 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; и 11/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20; 215/21 и 99/22), одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2023) и одредбите од поединечниот колективен договор на Општина Крушево бр.01-305/1 од 24.02.2023 година и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево (“Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на 42-та седница одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на одлуката за**
**извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година бр.08-1249/8 од 22.12.2023 година и одлуката за изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година бр.08-64/17 од 18.01.2024 година со тоа што во член 9 став 1 алинеја 1, се менува и гласи: „коефициент за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно Закон и изнесува 2,35, а основицата на која се пресметува е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за 2023 година, според податоците на Државниот завод за статистика и изнесува 54.916,00 денари“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува со исплата на платата за месец февруари 2024 година.

**Бр.08-352/6 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 82/20, 89/22 и 274/22), член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17 и 1/18, „Сл.весник на РСМ“ бр.172/19; 14/20; 112/20; 215/21 и 99/22) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комуна“ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комуна“ Крушево за 2024 година, бр.02-33/3 од 08.02.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комуна“ Крушево.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/7 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002), член 101-а од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на СОУ „Наум Наумовски-Борче„ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 300.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/8 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002), член 158 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ." бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 300.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за исплата на средства за превоз на ученици и набавка на дрва за учебната 2023-2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/9 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправ („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 10, 11, 12 и 17в. од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија ("Сл.весник на РМ "бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010; 11/2012; 145/12; 170/13; 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/23, 65/23 и 51/24), и член 53 став 3 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево**

1. На Градоначалникот на Општина Крушево **ТОМЕ ХРИСТОСКИ**, да му се исплати плата во бруто износ од 129.053,00 денари.

2. Во месечната бруто плата од точка 1 на ова Решение ќе се врши зголемување врз основа на минат труд и тоа за 0,5% за секоја навршена година работен стаж;

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува со исплата на платата за месец февруари 2024 година;

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Крушево, одделението за финансиски прашања и Архива на Општина Крушево;

**О б р а з л о ж н и е**

Решението е донесено врз основа на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010; 11/2012; 145/12; 170/13; 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/23, 65/23 и 51/24 ) и е утврден коефициент од 2,35, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за 2023 година, според податоците на Државниот завод за статистика и изнесува 54.916,00 денари (2,35 x 54.916,00 = 129.053,00 денари).

Платата ќе се зголемува за пресметан минат труд од 0,5%, за секоја навршена година работен стаж.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на Република Македонија.

**Бр.08-352/10 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 4 и член 55 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 135г. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на решението за избор на претседател и членови на комисијата за општествени дејности**

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на решението за избор на претседател и членови на комисијата за општествени дејности, бр.08-1146/8 од 10.11.2021 година, на начин што во точка 1 алинеја 3 името „Фросина Николоска" се брише, а на негово место се запишува името Елена Хасаноска.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-352/11 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 27 од Законот за семејство ("Сл.весник на РМ" бр.80/92; 9/96; 38/04; 33/06; 84/08; 67/10; 156/10; 39/12; 44/12; 38/14; 115/14; 138/14; 153/14; 104/15; 150/15; 122/18; 51/21 и 53/21) член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седница одржана на 13.03.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на решението за определување на Советници при склучување на бракови**

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на решението за определување на советници при склучување на бракови бр.08-1146/14 од 10.11.2021 година, на начин што во точка 1 алинеја 4 името „Фросина Николоска“ се брише, а на негово место се запишува името „Елена Хасаноска“.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, до Министерство за Правда-Управа за водење матични книги-Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-352/12 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 35 и 38 од Законот за културата (“Сл.весник на РМ” бр.31/98; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 21 став 1 точка 34 и член 53 став 1 и 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на УО на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1.Од член на УО на Домот на културата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево СЕ РАЗРЕШУВА Пандора Стеваноска од редот на вработените на нејзино барање, заради судир на интереси.

2. За член на УО на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, од редот на вработените СЕ ИМЕНУВА:

- Валентин Тасески;

3. Мандатот на членот на УО на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево трае во рамките на мандатот на УО;

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архивата на Општина Крушево

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/13 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 114 став 8 и 16 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14;10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17 21/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19;146/19;275/19; 311/20; 294/21; 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево**

1.Од член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник од установата (од редот на вработените, СЕ РАЗРЕШУВА:

**-ВЕРКА РИСТЕСКА**, од Крушево заради пензионирање.

2. За член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник од установата (од редот на вработените), СЕ ИМЕНУВА:

**- Кристина Хаџи-Ѓаку** од Крушево.

3. Мандатот на член на УО трае 4 (четири) години.

4. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

5. Примерок од решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-352/14 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 114 став 8 и 18 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14;10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17 21/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19;146/19;275/19; 311/20; 294/21; 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на член на Управен одбор во**
**ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево**

1.Од член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник на Министерството за труд и социјална политика, а по предлог на министерот СЕ РАЗРЕШУВА:

**-ЕЛЕНА ХАСАНОСКА**, од Крушево на нејзино барање.

2. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-352/15 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.244/19; 82/20; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), член 27 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (“Службен весник на РМ” бр. 61/02; 98/02; 81/05; 24/11; 145/15; 170/17 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.03.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на годишната сметка на Буџетот**
**на Општина Крушево за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/16 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, 11 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 39 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 13.03.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис**
**за 2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршниот Извештај за извршениот попис на основните средства и опремата во Единицата на локална самоуправа-Крушево за 2023 година бр.05-167/4 од 05.03.2024 година, од страна на пописната комисија, со сите документи за попис и пописен материјал.

2. Пописната комисија утврди дека основните средства, ситниот инвентар се во исправна состојба и на лице место.

Пописната комисија утврди дека има набавено нова опрема и ситен инвентар за што треба да се спроведе книговодствено книжење.

Општина Крушево има дадено опрема на реверс, констатирана во извештајот.

Извршен е попис и на паричните средства и на благајната и се утврди дека се слагаат со изводот од трезорот.

Извршен е попис и на побарувањата и обврските до 31.12.2023 година.

3. Пописната комисија утврди дека градежните објекти се во добра и употреблива состојба и се внесени на пописни листи.

Утврдена е состојба на ново изградени објекти во 2023 година и истите се внесени на пописна листа.

Комисијата утврди дека постојат инвестиции кои не се завршени и се во тек.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/17 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 42 од Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ" бр.161/2019 и 229/2020), член 36 став 1 точка 6 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20) и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од Оснобните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Крушево на седницата 13.03.2024 година, дава:

**М И С Л Е Њ Е**

Советот на Општина Крушево дава позитивно Мислење за:

-Програмата за реализација на еднодневна екскурзија за учениците од III –одделение од ООУ „Никола Карев" Крушево за учебната 2023-2024 година.

-Програмата за изведување на дводневна екскурзија со учениците од VI-одделение од ООУ „Никола Карев" Крушево за учебната 2023-2024 година и

-Програмата за изведување на тридневна екскурзија со учениците од IX-одделение од ООУ „Никола Карев" Крушево за учебната 2023-2024 година.

Ова Мислење влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-352/18 од 13.03.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 и точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе:

**Програма**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразните болести за подрачјето на Општина Крушево за 2024 година,**
**(согласно стручното мислење од ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп)**

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести и член 22 точка 9 од Законот за локална самоуправа. Целта на ова програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението на подрачјето на Општина Крушево. Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки. Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Прилеп.

За заштита на населението од заразни болести во 2024 година ќе се спроведат вообичаените општи и вонредни мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење;
2. Обезбедување санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна;
3. Обезбедување хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини;
5. Превентивни активности за спречување зараза од Коронавирус-Ковид 19.

## 1. Обезбедување на безбедна вода за пиење

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2024 година примарната грижа на Општина Крушево ќе биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено безбедна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

### 1.1. Водоснабдување од регионалниот водовод - Студенчица

Организираното водоснабдување на населението во Општина Крушево го врши ЈП "Комуна" - Крушево. Во Општина Крушево има 18 населени место од кои дел се снебдуваат преку водоводот „Студенчица", а дел од населението се снабдува од сопствени извори. Надлежност на ЈП„Комуна Крушево е водоснабдување и канализација што опфаќа зафаќање на нови извори, препумпување, обработка и диструбуција на здрава вода за пиење до корисниците, приклучување на домаќинствата на водоводна мрежа како и одржување на водоводната мрежа.

За испитување на квалитетот и исправноста на водата за пиење од регионалниот водовод, ЈП „Комуна" Крушево преку Центар за јавно здравје спроведува испитување на квалитетот и исправноста на водата за пиење од регионалниот водовод.

За извршеното испитување на квалитетот на водата ЈП „Комуна" Крушево подготвува посебна годишна информација за безбедноста на водата од регионалниот водовод во општина Крушево која се доставува до Советот на Општина Крушево.

Услугите за испитување на квалитетот на вода од регионалниот водовод се финансираат од средствата на ЈП „Комуна" Крушево.

### 1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Во 2024 година ќе се продолжи со спроведување на редовни увиди на извориштата на јавните водоснабдителни објекти. Ќе се испитат вкупно 52 примероци на вода за пиење од јавни изворишта тоа:

- еднаш месечно (по потреба и два пати) ќе се следи квалитетот на водата од мерни места (Крушево-Реон Црешово Топче, Крушево-Реон Стара Црква, Крушево-Реон под Монтана, Л.вод.с.Бучин продав.), 48 анализи, (ЈЗУ Центар за Јавно здравје Прилеп);
- 2 пати годишно ќе се следи квалитетот на водата за пиење од Извор Студенчица, с.Добреноец-Кичево, 2 анализи (ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ)
- 2 пати годишно ќе се следи квалитетот на водата за пиење од изворите на Бушова Планина Езериште-Бачилиште, 2 анализи (ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ)

По потреба ќе се врши испитување на други води наменети за пиење.

Услугите за оценка на квалитетот и исправноста на водата за пиење ќе се финансира од буџетот на ЈП„Комуна"Крушево.

ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп (по потреба) препорачува хипер-хлорирање на водата од јавните водоснабдителни објекти, каде истото е изводливо. Еднократното хиперхлорирање е од времен карактер и дезинфекцијата на водата е за ограничен временски период. Затоа во иднина се препорачува хлорирањето на водоводните објекти каде да се извршува континуирано со поставување на хлоринаторни станици, онаму каде го дозволуваат условите.

Услугите за оценка на квалитетот и здравствената исправност на водата од планинските селски водоводи и други јавни извори во населени и надвор од населени места ќе се финансира со средства **по Националната годишна програма за јавно здравје на РСМ**.

## 2. Обезбедување на санитарно- хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна.

Во согласност со одредбите од Законот за безбедност на храната, ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп ќе спроведува:

– консултантски услуги за воспоставување и примена на HACCP систем за контрола на безбедноста на храната;

– здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;

– едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;

– превентивни ДДД мерки;

– лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и површини кои доагаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, работни маси за работа со храна)

***Оваа активност со исклучок на алинеја 1 ја врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп на угостителски објекти и објекти за производство и промет на храна. Трошоците се на товар на угостителските објекти**

**3. Обезбедување на хигиено-технички услови во предучилишни и училишни установи**

**3.1. За заштита на децата и учениците од цревни и други заразни заболувања.**

Во 2024 година ќе продолжат редовните контроли на училишните и предучилишни установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје во континуитет во основните училишта ООУ„Никола Карев“ Крушево и подрачните училишта во с.Алданци, с.Врбоец, с.Борино, с.Белушино, с.Норово и с.Саждево, ООУ „Св.Кирил и Методиј„ с.Бучин и подрачните училишта во с.Св.Митрани, с.Пресил како и СОУ„Наум Наумовски Борче“Крушево и детската градинка ЈОУДГ„Гонча Туфа“Крушево.

Ќе се вршат хигиено – технички контроли (увиди) на училишните и предучилишни установи. Врз основа на теренските увиди сите училишта и градинки ќе добијат извештај за затекнатата состојба, со предлог мерки за подобрување.

***Трошоците од точка 3.1 за следење на безбедност на храна во училишните и предучилишни установи се на товар на корисникот на услугата: Општински основни и средни училишта и ЈОУДГ „Гонча Туфа Крушево“ Крушево.**

**3.2 Следење на безбедност на храна во предучилишни установи**

Со цел да се превенираат болестите поврзани со небезбедна храна ќе се врши лабораториска контола на храната и чистотата на објектите во кои се приготвува храна за деца сместени во предучилишната установа. Активностите ќе се извршуваат согласно Правилникот за микробиолошка безбедност на храна и упатството изработено од ИЈЗ на РСМ со земање и анализирање на брисеви од градинката подготвени оброци.

***Трошоците од точка 3.2 за следење на безбедност на храна во предучилишни установи се програмски задачи по Национална годишна програма за Јавно здравје и се товар на Влада на РСМ.**

**3.3 Следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи**

Биолошкиот квалитет на исхраната вклучува испитување на енергетската вредност, како и содржината на макронутриенси (јаглени хидрати, масти и протеини) и микронутриенси (витамини и минерали) во единица оброк кој се користи во исхраната на популациите опфатени со следењето.

Во 2024 година, ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп, по утврдена методологија базирана на база на податоци за состав на храната, ќе ја испитуваат нутритивна вредност на исхраната која се подготвува во овие установи, и тоа:

- во предучилишната установа ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево ќе се испитуваат **по 5** дневни оброци во 4 сезони (пролет, лето, есен, зима);

Индикатор за следење: На крајот од годината ќе биде изготвен Годишен извештај за квалитетот на исхраната во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево, и ќе биде доставен до градинката и до Општина Крушево.

*** Трошоците од точка 3.3 за следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи се програмски задачи по Национална годишна програма за Јавно здравје и се товар на Влада на РСМ.**

**4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населените места и други јавни површини**

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообракај, канализации, депонии и друго.

**4.1 Превентивна дезинфекција**

Субјектите кои работат со храна, согласно Законот, на секои 6 месеци ќе вршат превентивна дезинфекција, во соработка со овластена установа.

